

(https://ads.360stepeni
oaparams=2__bannerid=292__zoneid=1__cb=5a0ee3c

МАКЕДОНИЈА (HTTPS://360STEPENI.MK/CATEGORY/AKTUELNO/)

СТОРИЈА (HTTPS://360STEPENI.MK/CATEGORY/STORIJA/)

ДЕБАТА (HTTPS://360STEPENI.MK/CATEGORY/DEBATA/)

САБОТАЖА (HTTPS://360STEPENI.MK/CATEGORY/SABOTAZHA/) ЗА НАС

ПРИЈАВИ СЛУЧАЈ (HTTPS://360STEPENI.MK/CONTACT)

(https://360stepeni.mk/)

МАКЕДОНИЈА (HTTPS://360STEPENI.MK/CATEGORY/AKTUELNO/)

# Новинарските здруженија реагираат: Од Влада нема објаснување според кои критериуми е направена селекцијата кои медиуми ќе известуваат од Рим

360степени (https://360stepeni.mk/author/codeart_admin/) | 23 мај, 2022 20:13

(https://ads.360st
oaparams=2__bar



**Оваа практика на Владата, ја спроведе и Собранието кога пред две недели нетранспарентно и без критериуми избра приватен медиум за официјална посета во странство, се вели во реакцијата на ССНМ, ЗНМ И СЕММ**

Во рамките на денешната посета на Рим на македонската делегација предводена од премиерот Димитар Ковачевски по повод одбележувањето на Денот на сесловенските просветители, Светите браќа Кирил и Методиј, присутни беа и повеќе новинари и медиумски работници, а од ССНМ, ЗНМ и СЕММ реагираа дека Владата без никакви критериуми врши селекција за тоа кои медиуми ќе бидат поканети.

> **„За изборот на овие приватни медиуми, кој е на трошок на буџетот на граѓаните, нема објаснување од страна на Владата кои се критериумите и зошто токму овие медиуми се поканети“,**
>
> истакнуваат од ССНМ, ЗНМ и СЕММ.

Од таму додаваат дека настрана фактот што владини посети на државен трошок треба да ги следат јавните медиумски сервиси, а не приватни медиуми, овој селективен пристап на Владата, без никакви критериуми, може да се толкува и како фаворизирање на конкретните медиуми.

МАКПЕТРОЛ
www.makpetrol.com.mk

> **„Немањето на транспарентни и јасни критериуми за тоа како е направен изборот кој медиум ќе известува за официјалната владина посета во Рим создава дискриминација во медиумскиот сектор и ги става медиумите во нерамноправна положба.  Користењето на јавни ресурси за да се стимулираат само поединечни медиуми на официјални посети во странски држави е непрофесионално и е на штета на медиумите, но и на граѓаните.Потребно е сите медиуми да имаат фер и транспарентен пристап до информации за да се зачува објективното известување и јавниот интерес во медиумските извештаи. Оваа практика на Владата, ја спроведе и Собранието кога пред две недели нетранспарентно и без критериуми избра приватен медиум за официјална посета во странство, со што станува јасно дека овие опасни процеси, карактеристични за едни други медиумски времиња, се враќаат и се закануваат повторно на медиумските слободи“,**
>
> се вели во реакцијата на ССНМ, ЗНМ и СЕММ.

ЗНМ, ССНМ и СЕММ додаваат и дека за ова ќе ги известат сите свои партнери и меѓународни организации кои ги следат прашањата со независноста на медиумите и правата на новинарите во Македонија.

**СПОДЕЛИ**






## Последни новости


(https://360stepeni.mk/kaj-alabakovski-e-pronajdena-oblekata-shto-mvr-se-somneva-deka-ja-nosel-koga-bil-podmetnat-pozharot-se-bara-i-pritvor/)


(https://360stepeni.mk/shans-za-tsentar-za-diskotekite-vo-gradski-park-osven-litsentsi-d… imaat-i-proekt-za-zvukot/)


(https://360stepeni.mk/dzs-troshotsite-na-zhivot-i-tsenite-na-malo-vo-maj-povisoki-za-12-otsto/)


(https://360stepeni.mk/kovac… veruvam-deka-tsrna-gora-i-bi… idnina-ke-bidat-del-od-initsija… otvoren-balkan/)


(https://360stepeni.mk/shaki… go-chekame-rebalansot-na-budhetot-za-da-potpisheme-konechna-spogodba-za-15-otsto-povisoki-plati-vo-obrazovanieto/)